РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 04-836/10
20.09.2024 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 10 и 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16,142/16, 11/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, и 99/22), Градоначалникот на Општина Демир Хисар, донесе

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2024 за унапредување на административен службеник во Општина Демир Хисар

1. Кандидатот **Катерина Огненовска**, **Дипломиран правник**, по пат на интерен оглас број 01/2024 се избира за работно место **УПР0101В01000 Советник за управно правни работи од областа на урбанизмот,** Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој, Одделение за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности – 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2024, бр.04-836/8 од 18.09.2024 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена на интернет страницата на Општина Демир Хисар.

***Образложение***

Градоначалникот на Општина Демир Хисар упати барање за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Општина Демир Хисар до Одделението за управување со човечки ресурси, во кое составен дел е и известувањето за обезбедени финансиски средства со архивски број 04-836/1 од 02.09.2024 година

Одделението за управување со човечки ресурси во координација со Агенцијата за администрација објави интерен оглас број 01/2024 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Општина Демир Хисар, на ден 04.09.2024 година на интернет страната на Општина Демир Хисар и на интернет страната на Агенцијата за администрација.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар со Решение со архивски број 04-836/6 од 16.09.2024 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат и одржа интервју со уредно пријавениот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за

административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Општина Демир Хисар.

Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас 01/2024 за унапредување на административен службеник со архивски број 04-836/7 од 18.09.2024 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник со архивски број 04-836/8 од 18.09.2024 година и изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2024.

Врз основа на ранг листата Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

**ПРАВНА ПОУКА** – Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
Именуваниот/та;
Одделението за управување со човечки ресурси;
Архива.

**Градоначалник на**
**Општина Демир Хисар**
**Никола Најдовски**

---------------------------